Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-416/2

Датум: 02.5.2024

[redacted]

**Предмет: Известување**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван,

До Инспекцискиот совет е пристигнато Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-416/1 од 15.04.2024 година, во кое Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted] и фотокопија по пошта од следната информација:

- Списи во предметот УПП 16-1 од 2024 година од 19.02.2024 година па понатаму;
- Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овој предмет;
- Комуникација со општина Чаир. Дописи до општина Чаир. Одговори од општина Чаир;
- Комуникација со Управна инспекција. Дописи до Управна инспекција. Одговори од Управна инспекција.

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер и во однос на истото Ве информираме дека согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „Имателот на информацијата е должен да го извести барателот на информацијата во однос на барањето за пристап до информации ако по барањето веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеци пред денот на приемот на барањето".

Согласно горенаведеното, информацијата која е предмет на Барањето е информација која Советот веќе ви ја има доставено, согласно Решение за прифаќање на барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, број 03-228/2 од 07.03.2024 година и истото, заедно со бараните информации Ви е доставено по електронски пат и по пошта.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а:Маја Срезоска, раководител на Сектор

Инспекциски совет

Ул. „Даме Груев" бр. 3, блок 2, локал 5
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: (02) 3103-030
Е-пошта: contact@is.gov.mk
Веб страна: www.is.gov.mk